Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-139/2
30.06 2021 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставката бр. 0801-139 од 28.06.2021 година, поднесена од [redacted] од Скопје, преку овластеното лице [redacted] против Здружението на граѓани [redacted] од Битола, за извршена директна дискриминација врз основа на сексуална ориентација, согласно член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/2020 од 30.10.2020 година), на 30.06.2021 година го донесе следново

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА** директна дискриминација врз основа на сексуална ориентација извршена од страна на [redacted] од Битола.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 28.06.2021 година беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] од Скопје, преку овластеното лице [redacted] против [redacted] од Битола.

Во претставката подносителот наведува дека на 27.06.2021 година во 11:09 часот, горенаведеното здружение на граѓани споделило објава на својот профил [redacted] на социјалната мрежа Фејсбук, во која е наведено:

**„Припадници на лгбт заедницата, не можат да бидат членови на [redacted]**

**И не се пожелни да присуствуваат на нашите настани**

**Тоа е политика на клубот, донесена едногласно од сите членови и раководство**

**Нашиот клуб го градиме на правилни човекови вредности, во основа на**

**Христијанство и Ислам**

**Со почит [redacted]**

Доказ: Линк до објавата:https://www.facebook.com[redacted]/posts/189002723232108

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека објавата со ваква содржина и политиката на здружението преставуваат **директна дискриминација** врз основа на сексуална ориентација согласно членот 8 од Законот за спречување и заштита од

дискриминација во кој се наведува: *„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа."* Од објавата на здружението, јасно се гледа дека на припадниците на ЛГБТИ заедницата им е оневозможено зачленувањето во здружението и присуството на нивните настани, што преставува недвосмислена директна дискриминација по основ на сексуалната ориентација. Во членот 5 од Законот, кој е именуван како *Дискриминаторска основа*, се наведува дека: *„**Се забранува** секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, **сексуална ориентација**, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа."*

Дополнително, во членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија, е наведено: *„Граѓаните на Република Македонија **се еднакви** во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред уставот и законите **се еднакви**".*

Всушност и самиот Закон за здруженија и фондации (Сл.весник на РМ бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016) во членот 4, став 2, каде е дефинирано правото на здружување, се посочува дека: *„Се забранува основање на организација ако програмата и нејзиното дејствување е насочено кон... преземање активности кои се спротивни на Уставот или закон и се повредуваат слободите и правата на други лица."* Во членот 65 од истиот Закон, алинеја 4 и 5, наведено е дека законот предвидува забрана на работа на организацијата доколку *истата презема активности кои се спротивни на Уставот или закон и се повредуваат слободите и правата на другите лица.*

Согласно сите овие наводи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација **утврди директна дискриминација по основ на сексуална ориентација**, извршена од страна на Здружението на граѓани [redacted]

Членот 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во случај на утврдена дискриминација, предвидува обврска на Комисијата да препорача начин на отстранување на повредата на правото на еднаквост, односно начин на отстранување на дискриминацијата. Ставот 3 од истиот член посочува дека субјектот кон кого е упатена препораката **има должност** да постапи по истата и да ја отстрани повредата на правото на еднаквост. Следствено на ова, Комисијата ја донесе следнава

# П Р Е П О Р А К А

за отстранување на дискриминаторската содржина објавена на 27.06.2021 г во 11:09 часот на профилот [redacted] на социјалната мрежа Фејсбук, сопственост на Здружението на граѓани [redacted] Битола **ВЕДНАШ** по приемот на ова Мислење и Препорака, затоа што истата доведува до разликување, исклучување и ограничување што се заснова на дискриминаторска основа и има за цел или резултат спречување, ограничување, признавање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група лица на еднаква основа со други. Комисијата го препорачува овој скратен рок за постапување заради можноста оваа содржина, поставена на јавен профил на социјална мрежа и достапна до поголема популација, да предизвика дополнителни неповолни последици во форма на ширење и зајакнување на стереотипите и предрасудите кон припадниците на ЛГБТИ заедницата, па дури и појава на говор на омраза што може да доведе и до потешки последици во форма на насилства предизвикани од омраза. Здружението на граѓани [redacted] Битола **СЕ ЗАДОЛЖУВА** во иднина да дозволува еднаков пристап и членство на сите лица без разлика на нивната сексуална ориентација или родов идентитет, согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Напоменуваме дека согласно член 21, став 1, алинеја 17, Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектот кон кој е упатена Препораката не постапи по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка

Весна Бендевска

Скопје, 30.06.2021 г.

Доставено до:

-[redacted], Скопје

-[redacted], Битола